СОЈУЗ НА МИКРОФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ
ул. Св. Кирил и Методиј 48, лок. 5-А, МК-1000 Скопје
т. +389 2 6161605
е. office@mfo.mk
w. www.mfo.mk

**До**

**Министерство за финансии**

**1000 Скопје**

Скопје, 23.11.2021 година

**Предмет: Предлог на Закон за и дополнување на Законот за финансиски друштва**

Почитувани,

Ви благодариме на можноста да се вклучиме со коментари на предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиски друштва.

За нас, како Сојуз на микрофинансиски организации, чии основачи и членки се здруженија и фондации од посебно значење се дел од измените кои се однесуваат на нивното работење согласно нивните програми за работа.

Нашиот коментар се однесува на член 5 од Законот за финансиски друштва.

Поточно, во член 1 од Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиски друштва, постојниот став 1 од член 2 се предлага да се раздвои во два става (1) и (2).

Оваа предлог измена не е соодветно евидентирана во став (2) од член 5, односно здруженијата и фондациите не се изземени како што тоа е случај во актуелниот Закон за финансиски друштва.

Од таа причина, предлагаме дополнување на став (2) од член 5, кој би гласел:

“Правни и физички лица кои немаат дозвола за основање и работа на финансиско друштво издадена согласно со овој закон, освен субјектите од членот 2 став (1) и (2) на овој закон, не смеат да ги вршат финансиските активности од членот 4 став (1) на овој закон.

Со почит,

Сојуз на Микрофинансиски организации

Горан Лазаревски
Извршен директор